Co-funded by the European Union

BUILDING MATTERS
sustainability in the construction sector

# Информативен билтен бр. 3

## Building Matters:

- **Развој на платформа за е-учење за одржливи градежни материјали**
- **Транснационални активности за градење капацитети преку обучување на амбасадори за обука на Building Matters**

Тука сме да ги споделиме најновите ажурирања за нашата посветеност за промовирање на одржливост во градежната индустрија. Во овој билтен, детално ќе го истражиме развојот на платформа за е-учење за одржливи градежни материјали, како и транснационалната активност за обучување за амбасадорите за обука на Building Matters.

### Развој на платформа за е-учење за одржливи градежни материјали

Проектот Building Matters има за цел да го олесни пристапот до висококвалитетни можности за учење преку употреба на виртуелни, дигитални и комбинирани методологии. Срцето на оваа иницијатива е **платформата за е-учење** https://www.buildingmatterslearning.org/ на која е вградена програмата за обука на Building Matters. Оваа платформа нуди интерактивна средина каде што професионалците од градежната иднустрија можат да стекнат основни знаења и вештини за да се справат со предизвиците на животната средина и климатската транзиција.

Building Matters има за цел да ја подигне свеста за потребата од зелени вештини поврзани со употребата на градежни материјали и да ги подготви понудувачите на стручни обуки, да ги приспособат своите понуди за обука на променливите потреби за вештини, зелената и дигиталната трансформација и економските циклуси. Главните цели вклучуваат промена на начинот на размислување на актерите во градежната индустрија кон зелените трендови, создавање одржливи сојузи за промоција на нови градежни материјали на локално, национално и транснационално ниво, истражување на одржливи решенија за новите материјали и на прашања за цените, промовирање

одржлив пристап за ублажување на ризиците од климатската транзиција во градежниот сектор и развивање активности за обука за зелени вештини.

Понатаму, проектот има за цел да го олесни пристапот до висококвалитетни можности за учење преку употреба на виртуелни, дигитални и комбинирани методологии за учење, промовирајќи споделување информации и меѓусебно учење. Како дел од проектот, наставните програми за одржливи градежни материјали ќе бидат интегрирани во рамките на дигиталната платформа за е-учење. Оваа платформа за е-учење ќе го поддржи професионалниот развој на наставниците и обучувачите за стручно образование и обука, со можности за учење и понуди за обука усогласени со одржливите и напредни транзициски патишта.

Понатаму, платформата за е-учење ќе им овозможи на сите различни професионални профили во градежништвото како и на сите заинтересирани страни, лесно да пристапат и да го користат флексибилниот пакет за обука на Building Matters и алатките содржани во него.

Платформата https://www.buildingmatterslearning.org/ е структурирана во 4 обуки/модули:



Co-funded by the European Union

BUILDING MATTERS
sustainability in the construction sector

## Модул 1: Еколошки аспекти на градежните материјали

Овој модул го истражува влијанието врз животната средина на градежните активности, вградената енергија во градежните материјали и параметрите за пресметка и анализа на вградената енергија.

## Модул 2: Проценка на животниот циклус на градежни материјали

Овој модул ја истражува улогата на градежните материјали во севкупниот животен циклус на зградите, дава осврт на видовите на трошоци во текот на животниот циклус на материјалите и различните пристапи на дизајн од аспект на избор на материјалите.

## Модул 3: Стандарди на ЕУ и етикетирање на градежни материјали

Овој модул ја истражува улогата на одржливите градежни материјали во процесите на зелени набавки, видовите еколошки ознаки и стандардите на ЕУ за еко-етикетирање.




## Модул 4: Нови одржливи градежни материјали

fКонечно, учесниците ги истражуваат критериумите за избор на материјали, откриваат нови одржливи градежни материјали и учат стратегии за управување со животната средина и повторна употреба на материјали.

## Начин на учење

Методите за испорака на модулите се асинхрони. Просечно се потребни околу 30 часа независно учење.

Пакетот за обука за секој модул вклучува: 1 анимирана видео презентација, прирачник (наставен материјал), библиотека со дополнителни материјали за учење, Тест за самооценување на крајот од секој модул.

Сите наставни модули и материјали се достапни на 7 јазици: англиски, италијански, германски, романски, македонски, словенечки и грчки.

По успешно завршување на курсот за обука, учесниците ќе добијат сертификат за присуство.

- ## Транснационални активности за градење капацитети преку обучување на амбасадори за обука на Building Matters

На 25 јануари, во просториите на IIPLE (Болоња, Италија), се одржа важна транснационална обука, на која беа вклучени експерти, наставници и обучувачи, како амбасадори, од сите земји-партнери на проектот. Во текот на овој ден, амбасадорите за обука на Building Matters се запознаа со проектот Building Matters и беа обучени за користење на платформата за е-учење.

Секој учесник ќе придонесе за пошироко користење на платформата за е-учење преку охрабрување на промена на менталитетот преку промовирање на одржливи практики и пристапи во градежниот сектор. Со помош на обуката, сакаме да подготвиме професионалци од индустријата да ја водат зелената и дигиталната транзиција.

Проектот ќе изгради капацитет и ќе ја подигне свеста за одржливи градежни материјали, за да се ублажат ризици поврзани со транзицијата на градежниот сектор со цел од говор на климатските промени. Исто така, ќе помогне во модернизацијата на стручното образование и обука за зелени вештини и промовирање на одржливи сојузи на локално, национално и транснационално ниво.

**За повеќе информации за проектот Building Matters и за учество во нашите иницијативи, ве покануваме да ја посетите страницата**

https://buildingmatters.gzs.si/vsebina/MAC

https://www.buildingmatterslearning.org/